**ЗАПИСНИК**
**Од состанокот на Управен одбор на Здружението на педијатрите на Македонија одржан на 15.01.2011 во 11 часот во хотел „Александар Палас“, Скопје**

Присутни членови: проф. д-р Љ. Николовски, д-р А. Сајковски, д-р К. Ставриќ, д-р И. Двојаков, д-р И. Тимовски, д-р С. Асани, д-р В. Томиќ, д-р Т. Јакупи, д-р И. Соколов, д-р М. Томевски, д-р О. Зафировски, д-р Л. Нешковска, д-р Р. Стојановиќ, д-р М. Тренчева, д-р О. Николовска, д-р Б. Лозанова, д-р М. Глигорова.

Состанокот го отвори проф. Николовски и побара од д-р Двојаков како Претседател на кандидационата комисија да каже колку кандидати има пријавено за функцијата Претседател на Здружението.

Д-р Двојаков во кратки црти го образложи статутот на ЗПМ и истакна дека во предвидениот рок за доставување кандидатури се пријавиле 3 кандидати, д-р Александар Сајковски, д-р Велибор Тасиќ и д-р Оливер Зафировски. Истакна дека сите кандидати ги исполнуваат предвидените услови и го запазиле предвидениот рок за поднесување на кандидатурата.

На ова реагираше д-р Методија Томевски и бараше согласно членот 5 од Правилникот за избор на Претседател на Здружението на педијатрите на Македонија да се оспори кандидатурата на д-р О.Зафировски бидејќи се коси со јавната функција директор на Институтот за белодробни заболувања кај децата, Козле во Скопје.

За збор се јави д-р Оливер Зафировски со објаснување дека функцијата директор на институтот не се коси со функцијата претседател на ЗПМ.На увид достави и известување од Илми Селами како претседател на Антикорупциска комисија дека нема судир на интереси.

По кратката расправија помеѓу д-р Мето Томевски и д-р Оливер Зафировски за тоа кој има право, претседателот проф. Николовски, за да ја зачува демократската атмосфера предлогот дали да се прифатат сите три кандидати го стави на гласање пред Управниот одбор. Со 16 гласови за и 1 против беше одлучено сите 3 кандидати да можат да учествуваат во тајното гласање за избор на Претседател на ЗПМ.

*записничар:*
*д-р Илија Тимовски*

*претседател:*
*проф. д-р Љупчо Николовски*